**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
ул. „Самоилова“ бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3230 635; факс. +389 2 3230 635;

www.dzlp.mk

# П Р О Г Р А М А
# за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2013 година

**Бр. 01-2044/1**
**26.12.2012 година**

## I. ВОВЕД

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр.7/05, 103/08, 124/10 и 135/11) основана е Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата) како самостоен и независен државен орган со својство на правно лице заради вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. Со Законот за заштита на личните податоци се гарантира заштитата на личните податоци и правото на приватност од 2005 година и извршените измени и дополнувања од 2008 и 2010 година е целосно усогласен со правото на Европската Унија. Во 2011 година е донесена Стратегија за развој на заштитата на личните податоци во Република Македонија за периодот 2012-2016 година со Акциски план како среднорочен документ за развојот на Дирекцијата. Во 2012 година е донесена Комуникациска стратегија за заштита на личните податоци за периодот 2012-2016 година.

На годишна основа Дирекцијата изготвува програми за работа кои ги објавува на својата Веб страница www.dzlp.mk . или www.privacy.mk.

Со содржината на Програмата за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2013 година (Програмата) се опфатени основните функции и организацијата на Дирекцијата утврдени со закон.

Функциите што ќе ги извршува Дирекцијата во 2013 година се систематизирани по области и тоа:

1. Инспекциски надзор;
2. Нормативна и аналитичка дејност;
3. Централен регистар на збирки на лични податоци;
4. Обуки;
5. Проекти;
6. Соработка и консултации со јавниот, приватниот и невладиниот сектор;
7. Европска интеграција, меѓународна соработка и односи со јавност.

## II. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

1. Инспекциски надзор

1.1. Редовнен инспекциски надзор се врши над примената и спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци и другите прописи донесени врз основа на Законот за заштита на личните податоци. За 2013 година согласно годишната Програма за инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци е предвидено да врши инспекциски надзор кај контролорите, односно обработувачите во следните области:

- Здравство;

- Туризам и угостителство;
- Банкарство;
- Правосудство;
- Образование;
- Државни органи и органи на државната управа.

Рок: Континуирано согласно месечните планови за инспекциски надзор

1.2. Вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреда на одредбите од овој закон. Вонредниот инспекциски надзор се врши и во случај по поднесено барање согласно со одредбите од членот 18 на Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

1.3. Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението од извршениот редовен инспекциски надзор за да се утврди дали се извршени решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Спроведување на едукација за контролорите/обработувачите во случаите утврдени со Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Изработување и донесување на месечни планови за вршење на инспекциски надзор и нивно дополнување со вонредните инспекциски надзори.

Рок: 15-ти во месецот за наредниот месец

4. Извештај за извршените инспекциски надзори за 2012 година.

Рок: Февруари 2013 година

5. Тековни и периодични извештаи (квартални, месечни и други за потребите на дирекцијата

## III. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Дирекцијата согласно одредбите на член 30 од Законот за заштита на личните податоци води електронски Централен регистар на збирки на лични податоци (Централен регистар). Во Централниот регистар во текот на 2013 година посебно ќе се интензивираат активностите на:

1. Евидентирање на збирки со лични податоци во Централниот регистар по пријава на контролорите

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Известувања за поефикасна имлементација на прописите за заштита на личните податоци во следните области:
   - Образование;
   - Здравство;
   - Медиуми;
   - Работни односи, вработување, посредување при вработување;
   - Телекомуникации;
   - Пензиски фондови;
   - Социјална заштита;
   - Економија;
   - Правосудство;
   - Осигурување;
   - Државна управа;
   - Банкарство, инвестициски фондови и берзи;
   - Јавна администрација;
   - Туризам и угостителство и
   - Игри на среќа.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## IV. НОРМАТИВНА И АНАЛИТИЧКА ДЕЈНОСТ

1. Дирекцијата врз основа на извршените инспекциски надзори, реализираните проекти и тековните активности во текот на 2013 година ќе изработи:

1. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2012 година.

Рок: Март 2013 година

2. Подготовка на годишни/полугодишни и други извештаи поврзани со други прописи:
   - Годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2012 година;

Рок: 10 јануари 2013 година

- Извештај согласно Закон за општата управна постапка;

Рок: Јануари/јули 2013 година

- Извештај согласно Закон за претставки и предлози;

Рок: Јануари/јули 2013 година

- Полугодишен извештај за спроведени обуки согласно Програмата за обуки на државните службеници на Дирекцијата.

Рок: Јануари/јули 2013 година

3. Програма за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2014 година.

Рок: Декември 2013 година

4. Програма за обуки на контролори и обработувачи за 2014 година.

Рок: Декември 2013 година

5. Програма за обуки на вработените во Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2014 година.

Рок: Декември 2013 година

2. Издавање на одобренија за обработка на посебни категории на лични податоци согласно член 29 од Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Издавање на одобренија за пренос на лични податоци во други држави согласно прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Изготвување на мислења по барање на министерствата, други органи на државната управа во однос на сите материјали, предлог закони, подзаконски акти и други предлог прописи од областа на заштита на личните податоци, што и ги доставуваат на Владата за разгледување, утврдување односно донесување.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Изготвување на мислења по прашања од областа на заштита на личните податоци по барање на други државни органи и институции, организации утврдени со закон, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

6. Постапување по претставки и предлози кои се поднесуваат до Дирекцијата од страна на физички и правни лица.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

7. Постапување по барања од граѓани за заштита на нивното право на приватност на интернет (социјални мрежи).

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## V. ОБУКИ

1. Дирекцијата во текот на 2013 година ќе одржи обуки на контролорите и обработувачите согласно утврдената динамика и областите определени во Годишната програма за обуки на контролори и обработувачи за 2013 година бр.02-1970/1 од 12.12.2012 година.

   Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Континуирана обука на вработените во Дирекцијата согласно утврдената динамика определена во Годишната Програма за обуки на државните службеници во Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2013 година бр.02-1915/1 од 04.12.2012 година.

   Рок: Континуирано во текот на календарската година

## VI. ПРОЕКТИ

1. Во рамките на ИПА 2009 програмата во 2013 година ќе се реализира проектот Одржлив систем за континуирано основно и средно образование за принципите на заштитата на личните податоци. Преку проектот, Дирекцијата ќе продолжи да ги реализира планираните активности, особено:
   - Подготовка на материјали и документите за правото за заштитата на личните податоци за едукативни цели во основно и средно образование;
   - Јакнење на јавната свест на наставниците и професорите во образовниот систем во земјата за заштита на личните податоци.

Рок: Февруари 2013 година

2. Во рамките на Програмата на Европската Унија за предпристапна помош ИПА 2012 ќе продолжи со активности за имплементација на програмирањето по поднесеното Проектно фише за Градење мрежа за јакнење и остварување на правата за заштита на приватноста и на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Во соработка со банките во Република Македонија, Организацијата на потрошувачи на Македонија и Здружението на банкари на Република Македонија, ќе реализира проектна соработка за одбележување на „Денот на потрошувачите" од аспект на обезбедување на нивното право за заштита на личните податоци од страна на банкарскиот сектор.

Рок: Февруари/март 2013 година

4. Во соработка со образовни институции и други државни органи, ќе се реализираат проектни активности за обележување на Европскиот ден за заштита на личните податоци 28 Јануари.

Рок: Јануари 2013 година

5. Во рамките на можностите за користење на претпристапна помош од ЕУ средствата, ќе продолжи соработката и реализацијата на активностите за подршка на Дирекцијата од TAIEX фондот на Европската Комисија.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## VII. СОРАБОТКА И КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНИОТ, ПРИВАТНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

1. Изработување на мислења за усогласеноста на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Контунуирано во текот на календарската година

2. Изработување на укажувања за усогласување на работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Контунуирано во текот на календарската година

3. Одржување на консултации со контролорите и обработувачите за поефикасна имлементација на прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Контунуирано во текот на календарската година

4. Активно учество на претставници на Дирекцијата во Подкомитетот за безбедност и човекови права.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Придонес во Меѓуресорското тело за човекови права во процесот на креирање на Основниот документ за човекови права на Република Македонија

Рок. Континуирано во текот на календарската година

## VIII. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА, МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

1.Европска интеграција

1. Придонес во подготовката на документите за апроксимација на домашното законодавство со правото на Европската Унија:

- Подготовка на НПАА -2013 -2015 и учество во работната група за политички критериуми за следење на состојбите со имплементација на обврските за Република Македонија за областа – фундаментални права.

Рок. Континуирано во текот на календарската година

- Ажурирање и подготовка на извештаи за имплементацијата на утврдените цели и активности на Дирекцијата;

Рок. Континуирано во текот на календарската година

- Подготовка на периодични извештаи за напредокот на Република Македонија;

Рок. Мај/август 2013 година

2. Придонес во процесот на анализа и само оценување на националното законодавство во однос на законодавството на Европската унија

Рок. Континуирано во текот на календарската година

2.Меѓународна соработка

Во текот на 2013 година преставници од Дирекцијата активно ќе учествуваат на соодветни настани од областа на заштитата на личните податоци на Советот на Европа, Европската Унија, и другите институции и органи за заштита на личните податоци во Европската Унија и регионот, со цел зајакнување на меѓународната соработка и размена на искуства за унапредување на културата за заштита на личните податоци и тоа:

- Редовно учество на работните состаноци во рамките на Работната група 29 на Европската Комисија;
- Учество на состаноци и пленарна седница на Консултативниот Комитет за заштита на личните податоци при Советот на Европа (T-PD);
- Учество на Годишната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци (Пролетна конференција);
- Учество на Конференцијата за заштита на личните податоци на органите од Југо Источна Европа;
- Учество на Интернационалната конференција за заштита на личните податоци;
- Учество на работилниците за практична примена на прописите за заштита на личните податоци – CaseHandlingWorkshop;
- Учество на Меѓународната Работна Група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите;
- Учество на состаноци на Работната група за полиција и судство;
- Учество на состаноци на Заедничкиот Надзорен Комитет на Европравда.

Согласно потпишаните Договорени насоки меѓу Дирекцијата и Офицерот за заштита на личните податоци на ЕВРОПРАВДА и Договорот помеѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА, ќе се одржуваат консултативни средби меѓу двете институции и доставување на редовни извештаи за состојбите со заштитата на личните податоци од надлежните органи за спроведување на Договорот.

Рок. Континуирано во текот на календарската година

Дирекцијата и во 2013 година ќе продолжи да поднесува барања за користење на инструментот за техничка помош TAIEX преку кој ќе се побара стручна помош во повеќе различни области од надлежност на Дирекцијата, а преку експертски мисии, студиски посети и работилници.

3. Односи со јавност

1. Спроведување на Стратегијата за комуникација со јавноста (согласно Акцискиот план за 2013 година)

Рок: во текот на 2013 година

- 28 јануари – Европски ден за заштита на личните податоци

  Час по приватност – активности за подигнување на свеста за заштита на личните податоци кај дефинирани целни групи

  Промоција на новата интернет страница на ДЗЛП

- 9 февруари – Ден на безбеден интернет
  Медиумски активности

- 15 март – Ден на потрошувачи
  Реализација на проект за заштита на правото на приватност на потрошувачите со банките и друштвата за наплата на долгови

- 22 јуни – роденден на ДЗЛП
  Медиумски активности

2. Подигнување на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста преку директна соработка со:

   - Веб порталот на дневниот весник „Нова Македонија“ каде граѓаните имаат можност да поставуваат прашања на кои Дирекцијата им одговара, а одговорите се објавуваат секој понеделник;
   - Македонско Радио – Радио Скопје гостувања во утринската програма „Добро утро Македонијо“ каде секој вторник се обработува по една актуелна тема од областа на заштитата на личните податоци;
   - Со почетокот на второто полугодие ќе отпочне и редовна рубрика за заштита на младите на интернет во прилогот Колибри во дневниот весник Нова Македонија;
   - Соработка со други медиуми на проекти за промоција на правото на заштита на личните податоци и подигање на јавната свест.

   Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Како една од алатките за комуникација со јавноста, Дирекцијата ја користи и групата на порталот за социјално вмрежување Facebook, преку која одговара на актуелните прашања кои се во фокусот на интересот на јавноста и информира тековно за случувањата во сферата на заштита на личните податоци во Европската Унија и светот.

   Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Како една од алатките за комуникација со регистрираните контролори во Централниот регистар, но и со останатите релевантни субјекти во земјата и

странство, а за подигање на јавната свест и афирмација на Дирекцијата се издава електронски весник на Дирекцијата.

Рок: 4 броја во текот на 2013 година

5. Соработка со Првиот приватен ФОН Универзитет

- Учество во проектот Фабрика на знаење
- Предавања за заштита на личните податоци кај студентите од различни факултети

Рок: Континуирано, по претходнао утврдени активности согласно Меморандумот за соработка

6. Соработка со Црвен крст – донации и други хуманитарни активности

Рок: Континуирано, по претходно утврдени активности согласно Меморандумот за соработка

7. Летни активности – едукативни активности за граѓаните (проект во кој би се вклучиле контролори од приватниот сектор)

## VIIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма се објавува на веб - страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**ДИРЕКТОР,**
**ДИМИТАР ЃЕОРЃИЕВСКИ**